# ONLINE TRIAL - THE NEW POSSIBILITY OF ORGANIZING HEARINGS IN CRIMINAL PROCEEDINGS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Robert Dauti**
Primary Court Struga, North Macedonia, robertdauti@outlook.com

**Abstract:** The application of advanced information and communication technologies in democratic justice systems is the new reality of the 21st century.We live in a time when the most complicated surgical procedures are performed with the help of computer technology, and remote trials via videoconference (online) are a necessity and established practice in court proceedings in many countries due to spatial distance, migration movements, and the cost-effectiveness of conducting proceedings.Online trials are a component of the right to a fair trial guaranteed by numerous international instruments. However, the traditional, formal legal way of administering justice in court proceedings, which is a representative model in countries like the Republic of North Macedonia, is justifiably not immediately correlated with the digitalization of the judiciary and online trials as its segment. This form of trial is not explicitly provided for the civil procedural legislation. In conditions of health crisis and enhanced protection measures when the state was dealing with the Covid-19 pandemic, online trials were first introduced as one of the ways to adapt the legal system in order to provide efficient and high-quality judicial protection in specific working conditions.The problem of organizing trials was particularly pronounced in criminal proceedings and detention cases due to the urgency of the proceedings in which there was an immediate health risk for the participants in the proceedings. Online trials were only a temporary solution. With the lifting of the state of emergency, criminal trials were fully normalized.In practice, the pandemic served as a kind of indicator of the readiness and level of use of information technology in court proceedings in general on the transition path towards successful digitalization of justice.On the other hand, the opinions of the legal profession on online trials remained the most fierce in terms of the constitutionality and legality of this practice, but also the potential violation of the human rights of suspects and defendants, as well as the way in which online trials will ensure the principles of immediacy and publicity.Hence, the author will attempt, in his subject focus of the research, to define online trial, the way in which this possibility was used in the Macedonian judiciary, and also the national legislative solutions that regulate the use of technology for the transmission of image and sound in criminal proceedings, political measures in times of crisis,relevant international principles and standards, including some of the case law of the European Court of Human Rights, experiences from their application during the state of emergency with comparative examples from other countries regarding the manner of organizing online trials and the views of legal professionals.For this purpose, an analysis and review of the normative solutions in domestic procedural law will be carried out, all available data obtained by the civil sector during the observation of criminal court proceedings, as well as comparative experiences from the practices of online trials in jurisdictions from countries in the region.
**Keywords:**digitalization, covid-19, online trial, information technology

# ОНЛАЈН СУДЕЊЕ-НОВА МОЖНОСТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РОЧИШТАТА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Роберт Даути**
Основен суд Струга, Северна Македонија, robertdauti@outlook.com

**Резиме:** Примената на развиените информатички и комуникациски технологии во демократските правосудни системи е новата реалност на 21 век. Живееме во време кога најкомплицираните хируршки зафати се изведуваат со помош на компјутерска технологија, а судењата на далечинапо пат на видеоконференција (онлајн) се нужност и востановена практика во судските постапки во многу држави пред се поради просторната оддалеченост, миграционите движења и економичноста во водењето на постапките.Онлајн судењата претставуваат компонента на правото на правично судење загарантирано со бројни меѓународни инструменти. Но,традиционалниот,формалноправен начин на правораздавање во судските постапки кој е репрезентативен модел во земји како Република Северна Македонија оправдано не веднаш се доведува во корелација со дигитализацијата на судството и онлајн судењата како негов сегмент.Ваквиот облик на судење не е експлицитно предвиден во цивилното процесно законодавство.Во услови на здравствена криза и засилени мерки на заштита кога државата се справуваше со пандемијата на Covid-19 за прв пат се актуелизираа онлајн судењата како еден од начините за прилагодување на правниот

систем во насока на обезбедување на ефикасна и квалитетна судска заштита во специфични услови на работа.Проблемот на организирање на судењата беше особено изразен во кривичната постапка и притворските предмети поради итноста на постапувањево кои постоеше непосреден здравствен ризик за учесниците во постапката.Онлајн судењата беа само привремено решение. Соукинување на вонредната состојба кривичните судења се нормализираа во целост.Практично, пандемијата послужи како своевиден индикатор за подготвеноста и нивото на употреба на информатичката технологија во судските постапки генерално на транзиционият пат кон успешно дигитализирање на правдата.Од друга страна мислењата на правната струка за судењета на далечина останаа најжестоки во поглед на уставноста и законитоста на ваквата пракса, но и потенцијалното кршење на човековите права на осомничените и обвинетите лица, какои начинот на кој онлајн судењета ќе ги обезбедат начелата на непосредност и јавност. Оттука,авторот ќе се обиде во својот предметен фокус на истражувањето да го дефинира онлајн судењето, начинот на кој во македонското судство се користеше оваа можност, а proро националните законодавни решенија кои го нормираат користењето на технологија за пренос на слика и звук во кривичната постапка, политичките мерки во услови на криза,релевантните меѓународи принципи и стандарди, вклучително и дел од праксата на Европскиот суд за човекови права, искуствата од нивната примена за време на вонредната состојба со споредбени примери од други држави во поглед на начинот на организирање на онлајн судењатаи ставовите на правните професионалци. За таа цел ќе биде извршена анализа исогледување на нормативните решенија во домашното процесно право, сите достапни податоци добиени од страна на граѓанскиот сектор при набљудувањето на судските кривични постапки како и компаративните искуства од практиките на онлај судења на јурисдикциите од земји во регионот.

**Клучнизборови**: дигитализација, ковид-19, онлајн судење, информатичка технологија

## 1. ОПШТО ЗА ОНЛАЈН СУДЕЊЕТО И ДИГИТАЛИЗИРАНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ СУДОВИ

Судските рочишта по правило се централен дел од повеќето судски постапки. Меѓутоа, ковид кризата го поремети конвенционалниот начин на одржување на рочиштата, а присутноста на релевантните учесници во постапката доби поинакво значење.Можноста од сослушување по пат на информатичко технички средства за пренос на слика и звук не е од понов датум, а прашањето за онлајн судења не беше во фокусот на македонското правосудство се до прогласување на пандемијата.Здравствената безбедност на онлајн судењата може да се нарече нивната најбитна карактеристика, но и со причина, бидејќи во 2020 годинаовој вид на судење стана толку актуелен токму поради намалувањето на ризикот по здравјето на луѓето. Онлајн судењето или судењето на далечина*(англ.remote judging, virtual tirial)* е современ начин на организирање и водење на судските постапки со посредство и употреба на технолошки средства за аудиовизуелна комуникација на далечина каде учесниците во постапката не сефизички присутни во судницата, туку присуствуваат „онлајн” по пат на видео врска во рамките на видеоконференциски систем (Brkić & Smajo, 2023). Онлајн судењето во кривичната постапка претпоставува еден сериозен процес на претходна подготовка која што опфаќа јасно издиференцирани улоги, дејствија и координираност помеѓу јавното обвинителство, судот, обвинетиот, бранителот, оштетениот и сведоците.Онлајн судењето, „судењето во отсуство” и „хибридното судење”често се поистоветуваат како синоними иако станува збор за различни облици на судење. Онлајн судењето во никој случај не треба да се поврзува со судењето во отсуство. Самото физичко неприсуство во судница не значи судење во отсуствокога на обвинетиот му се суди поради неговата недостапност на органите на прогон. Обвинетиот учествува во текот на судењето и ги остварува своите права директно поврзан преку дигитална платформа за двонасочна комуникација. Од друга страна, хибридното судење*(hybrid trail)* е исто така виртуелно рочиште каде расправата делумно се одвива на интернет мрежа, а дел во судница или некоја друга просторија (Марјановић & Марчетић, 2021).Учесниците се наоѓаат на една физичка локација (пример, судијата, јавниот обвинител, поедини сведоци), а други се поврзани со интернет врска. Поимот онлајн судење неретко се идентификува и со дигитализацијата на правосудството или е-правда *(e-court/e-justice)* која почива на концептот на дигитализација.Дигитализацијата претставува поширок поим од онлајн судењето, бидејќи подразбира широк опсег на технички можности, меѓудругото и за електронска достава.Европската конвенција за човекови права не поставува специфични барања за е-правда, но спроведувањето на иницијативите за е-правда (поднесување на онлајн тужби, достапност на онлајн информации и судска практика, употреба на видеоконференции и сл.) е предмет на правилата за пристап до суд и правото на правично судење (Гоџо, 2024).

Онлајн судењата доминантно зависат од нивото на дигитализираност на судовите, техничката опременост и кадровските способности на релевантните субјекти вклучени во оперативниот дел на софтверот и опремата. Република Северна Македонија троши повеќе од 1.500 денари или 24,6 евра по глава на жител во

правосудството од кои 33 денари се наменети за дигитализацијата. Буџетот кој државата го издвојува за информатичко компјутерските технологии во судството по глава на жител во просек бележи прогресивен раст. Во периодот од 2018 до 2022 година истиот изнесувал 0,54 евра, споредено со периодот од 2014-2018 година кога изнесуваше 0,15 евра (Нова Македонија, 2024). Техничката опременост на судовите не значи само обично поседување на технолошка опрема за онлајн судења, туку и обезбедување на одреден стандард за квалитет кој треба да соодветствува на специфичната природа на самиот судски процес, интересите и потребите на учесниците во постапката и заштитата на личните податоци.Во примената на правилата на кривичната постапка примарно е почитувањето на слободите и правата на обвинетиот и секое нивно ограничување е дозволено само по исклучок и кога законот тоа го пропишува како нужно и неопходно. Токму затоа, примената на дигиталната технологија во кривичните постапки, како што се алатките за видеоконференциски врски и онлајн судењата треба да се користат особено внимателно на еден недискриминаторен, временски ограничен, докажано неопходен и пропорционален начин кој ќе ги одразува сите карактеристики на секој поединечен случај.

Процесот на дигитализација на македонското правосудство осцилира околу напорите да се изнајдат соодветни законски решенија, техничко опремување и континуирана едукација за правилно користење на платформите за двонасочна комуникација од страна на сите инволвирани учесници во кривичната постапка. Дигитализацијата претставува голем предизвик посебно за малите основни судови кои немаат доволно технички можности за судење и човечки ресурси, често отсуствуваат информатичари, а бројот на судии некаде е помалку од предвидениот минимум.Процесот на дигитализација на македонското правосудство и иднината на онлајн судењата беа првенствено предводени од *Стратегијата за информатичките технологии во правосудството 2019-2024 година*. Активностите за дигитализација беа планирани да се спроведуваат етапно со што требаше да бидат целосно дигитализирани 187 судници низ 34 суда, вклучително и затворот Идризово за кои нескромно се предвидуваше финансиска инекција од 15 милиони евра. Стратегијата уште во 2019 година детално ја опиша катастрофалната состојба во судството и јавното обвинителство, дотраена и нефункционална компјутерска опрема, фрагментираност во развојот на технологијата и отсуство на посебна организациска единица која ќе врши следење на работните процеси со примена на информатичката технологија.Освен законските пречки за одржување на онлајн судења, судовите во главниот град како најголеми и најдобро технички опремени не се подготвени за онлајн судења, а за судовите од внатрешноста на државата не станува ни збор. Најдобар доказ за тоа е (не)применливоста на членот 119-а од Законот за парнична постапка кој предвидува аудио снимање на судските рочишта во граѓанските постапки. Поради неопременоста или нецелосната техничка опременост тонското снимање се заменува со обично класично водење на постапката. Анализата спроведена од страна на истражувачкиот тим од Здружението за кривично право и криминологија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје покажува дека единствено во три суда постојат услови и работен кадар за одржување на онлајн судења и тоа во Основниот суд Кавадарци како суд со проширена надлежност, Основен суд Ресен како суд со основна надлежност и Апелациониот суд Битола. Во 91% од судовите или 31 суд не располага ниту со кадар, ниту со техничка опрема за одржување на судење на далечина (ОБСЕ 2020). Наведените бројки се реален доказ дека новите информатички технологии се повеќе од корисна алатка, но македонските судови се далеку од сериозна комплетна организација на судења на далечина.

## 2. МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ВО ОБЛАСТА НА ОНЛАЈН СУДЕЊАТА

Правото на еднаквост и правото на правично судење претставуваат решавачки елементи на заштитата на човековите права како процедурални средства за обезбедување на принципот на владеење на правото и административната правда.Онлајн судењето претставува нивна компонента загарантирано со бројни меѓународни инструменти. Правото на фер и правично судење или попрецизно правото на пристап до судот е содржано во член 6 од Европската конвенција за човекови права, член 14 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, член 47 од Повелбата за основните права на Европската Унија и релевантната практика на Европскиот суд за човекови права. Правото на правично судење заедно со правото на еднаквост пред судовите се процедурални средства за обезбедување на владеење на правото и за адекватно администрирање на правдата.Европскиот суд за човекови права во својата практика се осврнува на сите сегменти на правичното судење, а од 2006-та година има завземено и свој став во поглед на судењата кои се спроведуваат на далечина.Суштината на неговата јуриспруденција се согледува во тоа дека државите мора да обезбедат внимателно разгледување на сите околности на случајот со цел да овозможат најдобар пристап до правдата, дури кога истиот е ограничен во физичка смисла.Треба да бидат разгледани сите процесноправни претпоставки за правично судење, загарантирани со членот 6 од Конвенцијата како би постоела рамнотежа помеѓу барањето сослушувањето да се обезбеди во разумен рок во присуство на

обвинетиот која може да биде во форма на онлајн судење.Со други зборови, членот 6 не го забранува онлајн судењето, доколку истото е организирано на начин што обвинетиот ќе ги ужива сите загарантирани права од наведениот член.Преку тестот на неопходноста во едно демократско општество судот во Стразбур оценува дали правото на пристап до судот е повредено, согледувајќи на кое ниво предвидените ограничувања ја намалуваат суштината на даденото право.Ограничувањата секогаш мора да имаат легитимна цел и да постои пропорционалност помеѓу ограничувањето на правото и целта која со тоа ограничување треба да се постигне.(Крстиќ и др. 2021).

Во предметот *Marcello против Italia,* Европскиот суд за човекови права ја потврди можноста за онлајн судење преку видеоконференција во кривичните постапки каде утврдил дека не дошло до повреда на правото на правично судење.Во овој предмет како клучно се поставило прашањето дали дошло до повреда на членот 6 од Конвенцијата во кривичната постапка која без согласност на обвинетиот се водела по пат на видеоконференција против лице кое се наоѓало во затвор.Важна околност е да се напомене дека судењето по пат на видеоконференција било во склад со Законот за кривична постапка на Италија кој предвидувал таква можност во таксативно наброени ситуации. Сепак, обвинетиот сметал дека му е повредено правото на правично судење,бидејќи во фазата на жалбена постапка присуствувал на седница по пат на видео врска. Во својата пресуда, судот утврдил дека *во интерес на фер и правично судење на кривичниот процес од круцијално значење е да обвинетиот се појави на судењето како поради своето право на сослушување, така и поради потребата точноста на неговата изјава да се подложи на проверка и споредзи со исказот на жртвата, чиј интерес треба да се заштити и исказот на сведокот.*Судот направил јасна разлика во однос на неопходноста на физичкото присуство на обвинетиот на главната расправа помеѓу кривичната постапка вопрв и втор степен. Физичкото присуство на обвинетиот не може да се разгледува на ист начин во првостепената постапка кога се изведуваат сите докази на главната расправа и во жалбената постапка, кога најчесто се разгледуваат прашања од правна природа.

Исто така во предметот *Сакхиновскиј против Русија,* Европскиот суд за човекови права не утврдил поведа на членот 6 од Конвенција, бидејќи во конкретниот случај во притворскотоодделение вокое се наоѓал обвинетиот биле исполнети сите услови за онлајн судење. Иако обвинетиот не бил физички присутен на рочиштетопо повод жалбата пред повисокиот суд поради тоа што учествувал по пат на видео врска судот завзел став дека обвинетиот бил во можност во полн капацитет да ги одбрани своите интереси.На идентичен начин важно е да се нагласи какои во претходниот случај дека во жалбената постапка единствено се расправало за правни прашања. Меѓутоа, судот утврдил повреда на правото на правично судење во однос на комуникацијата на обвинетиот со неговиот бранител. Разговорот од 15 минути кој се водел по пат на видео врска не бил доволен за спремање на одбраната, имајќи ги предвид комплексноста и сериозноста на наводите во обвинителниот акт, што сосема извесно довело до потврдување на првостепената одлука на штета на обвинетиот (Крстиќ и др. 2021). Тоа значи дека Европскиот судза човекови права ја легитимира можноста за организирање на онлајн судење кога истото не отстапува од Европската конвенција, но секогаш мора да бидат исполнети соодветни услови, кои произлегуваат од неговата пракса, затоа што видео врската не е доволна доколку природата на постапката и околностите на случајот укажуваат на неопходно делотворно присуство на обвинетиот во судница.

**3. МОЖНОСТА ЗА ОНЛАЈН СУДЕЊА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА. ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА И ПРВОТО ОНЛАЈН СУДЕЊЕ**

На 18 март 2020 година со одлука на Претседателот на Република Северна Македонија беше прогласена вонредна состојба на територијата на целата држава.Природата на заразниот вирус претпоставуваше бројни рестрикции кои беа насочени кон ограничување на слободата на движење и собирање како би се редуцирале контактите помеѓу луѓето заради спречување, ширење и сузбивање на заразата.Мерките на државата создадоа дотогаш невидена и незамислена атмосфера во начинот на функционирање на секојдневните животни потреби, помеѓу другото и на работата на правосудните органи.Иако се работи за специфична уставна категорија вонредната состојба не е предвидена ниту со Законот за судовите или со Судскиот деловник, па во недостиг на формалноправна рамка за организацијата на судската власт и постапување на судовите за време на вонредна состојба се активираше членот 126 од Уставот на РСМ. Во периодот од 18 март до 22 јуни колку што траеше вонредната состојба, Владата донесе 250 уредби со законска сила. Онлајн судењата се одржуваа во согласност со Уредбата со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредна состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства и Одлуката на Судскиот совет на РСМ и тоа во 15 кривични предмети спрема полнолетни сторители, во постапки спрема деца коишто се итни според Законот за правда за децата и во постапки за условен отпуст.Примарната цел на наведените актибеше да се обезбедат процесни услови за прилагодување и континуитет на работата на судовите во

вонредна состојба.Претставници на Европската унија, Советот на Европа, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, какоиамериканскиот и британскиот амбасадор упатија писмо до македонските власти дека *„правосудниот систем мора да функционира со целосна транспарентност и ефикасност."*Така, Основниот кривичен суд Скопје постапуваше во вкупно 1320 предмети, категоризирани како приоритетни притворски предмети, предмети во фаза на завршни зборови и изрекување на пресуда, како и предмети согласно член 205 и 206 од Кривичниот Законик, додека останатите судови во вкупно 2.088 предмети (Петровска и др. 2021).Покрај останатото беше побарано да се усвојат законски измени како би можело да се создаде правен основ за одржување на онлајн аудио-видео снимање во кривичната постапка. Онлајн судењата се спроведуваа преку електронската платформа за аудиовизуелна комуникација Microsoft Teams во насока на превенирање на потенцијалната инфекција предизвикана од вирусот Covid-19, првенствено во установите каде се наоѓаа лица лишени од слобода и на кои им беше изречена мерка притвор (Калач, 2021). Ваквото постапување беше и во контекст на Упатствата и Препораките на Комитетот за спречување на тортура на Советот на Европа кои препознаа зголемена опасност од ширење на корона вирусот во притворските одделенија (ОБСЕ,2020).
Во услови кога државата беше практично немоќна да се справи со силниот удар на зголемениот број заболени од КОВИД-19, со безмалку крахиран здравствен систем, најавата за онлајн судења од страна на Министерот за правда се оценуваше како експеримент кој е патем inaudita во домашната судска практика.Очекувано, за македонското правосудство кое ионака дотогаш пукаше по шавовите на големиот процент нерешени судски предмети, квалитетот и ефикасноста на судењата доживеаја извесен пад после кој неминовно голем број на рочишта беа одложени на неодредено време.Правниците и стручната јавност беа поприлично гласни дека македонските судови не се технички подготвени за да спроведат ваков вид на судења во граѓанските, кривичните и стопанските одделенија, особено дел од адвокатите сметаа дека онлајн судењата се „генијално" незаконска идеја, чисто популистичка мерка за која не се води сметка дали е практично изводлива, а уште поважно дали е легална (Митровски, 2020). Зошто?Бидејќи процесните законски одредби претставуваат камен на сопнување односно нема експлицитна законска можност за онлајн судење преку електронска платформа за двонасочна комуникација.Актуелниот Закон за кривична постапка јасно пропишува дека на обвинетиот (освен доколку истиот не е во бегство) му се суди во негово присуство. Единствено во одредбите од чл.81-86 законот дозволува спроведување на доказна постапка„на далечина" по пат на видеоконференциска врска, но само кога станува збор за сведок или вештак во случаите на меѓуинституционална соработка и правна помош кога истиот се наоѓа на територија на друга држава, а не и на обвинетиот. Исто така сведокот чиј исказ е важен за утврдување на правнорешавачки факти, а не може да дојде пред суд или доаѓањето му е значително отежнато (стари лица, инвалиди, тешко болни лица и др.) законот дозволува по наредба на советот, а по претходен предлог на странките да се испита преку видеоконференциска врска во текот на главната расправа односно надвор од судот. Преку аудиовидео врска можат да се испита дете-жртва каде судот определува поединечно или во комбинација со друга посебна мерка на заштита, видео и тонски запис на исказот и испитувањето на детето кој ќе се користи како доказ во постапката како дел од посебната процесна заштитаво согласност со Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуално искористување и злоставување како и Директивата на Европскиот парламент за борба против сексуалната злоупотреба и сексуалното искористување на децата и детската порнографија (Калајџиев и др., 2018).
Во примената на правилата на кривичната постапка примарно е почитувањето на слободите и правата на обвинетиот и секое нивно ограничување е дозволено само по исклучок и кога законот тоа го пропишува како нужно и неопходно.Потребно е да се изврши соодветна интервенција во законодавна смисла како би можеле да се создадат услови за онлајн судење кои треба да опфатат повеќе етапи(подготвување на рочиштето и самиот тек на онлајн судењето, креирање на медиум за снимање и чување на аудиовизуелниот запис од одржаното рочиште) што претставува особено тежок процес имајќи ги предвид основните процесни начела и големиот број на законски одредби кои го уредуваат прашањето за обезбедување на физичко присуство на обвинетиот на главната расправа, вклучувајќи ја и мерката притвор. Воспоставувањето на потребното опкружување за воспоставување на систем на онлајн судење во македонското правосудство не е лесна задача, со оглед на степенот на дигитализација, спремноста на информациониот систем кој во дел останува нефункционален. Искуствата на правосудните системи на земјите на Европската Унија кои во голем дел се дигитализирани ни покажуваат дека во тој процес мора посебно да се почитува презумцијата на невиност, принципот на непосредност (посебно во однос на обвинетите кои се уапсени или се наоѓаат во притвор) правото на делотворна, непосредна одбрана и правично судење истандардите за безбедност на податоците и заштита на личноста. Кривичната постапка е сензитивна токму од аголот на заштита на личните податоци и основните права и слободи на поединецот.Македонскиот Закон за правда на децата исто така не содржи одредби кои нормативно го

регулираат онлајн судењето. Во нацрт текстот на законот, онлајн судењето се воведува како нова можност за одржување на седница на советот за деца односно главен претрес со помош на електронски технички средства за двонасочна комуникација по предлог на јавниот обвинител или адвокатот, односно по службена должност со согласност на другата страна и тоа само по исклучок кога за тоа постојат оправдани причини (опасност на одлагање, правни или стварни пречки) доколку истото е во најдобар интерес на детето. Онлајн судењето е дел и од нацртот на Законот за парничната постапка објавен во септември 2020 година. Во членот 107, став 3одовојнацрт се предлага: „*Судот може да одлучи рочиштето да се одржи на далечина, со користење на затворен технички уред за врска на далечина (видеотонска конференција), или на тој начин да се изведат одделни докази."Против ова решението не е дозволена жалба.*

За време на вонредната состојба во Основен суд Кавадарци премиерно за прв пат во македонското правосудство на 7 април 2020 година се одржа првото онлајн судењевопритворскиот предмет К.бр.79/20.Во судницата опремена со информатичка опрема и камери, физички присутни беа судијата и двајцата судии поротници, додека обвинителот, бранителот и претставник на оштетеното правно лице беа исто така вклучени на интернет платформа.Според Лазар Нанев тогашниот претседател на Основниот суд Кавадарци тоа претставуваше историски ден за македонскиот правосуден систем. Судот со одржаната онлајн главна расправа во согласност со препораките и упатствата на Советот на Европа и Комитетот за спречување на тортура како и на Светската здравствена организација обезбеди непречено постапување по итните и недложни предмети во рамки на фер и непристрасно судење со целосно почитување на правата на обвинетиот од членот 6 од Европската конвенција за човекови права и обезбедени гаранции за јавност во судењето и на обвинетиот му се изрече казна затвор во траење од 5 години за сторено кривично дело „Разбојништво" по чл.237 ст.4 вв ст.1 од КЗ по претходно признание на вина.Судењето преку линк конекцијаго следеа и мониторираа 120 луѓе, меѓу кои вработени во Министерството за правда, меѓународни и невладини организации, претставници на правосудни институции,амбасади што претставува завидна бројка на публика, која во редовни услови не може да ја прими ниту една судница.На овој начин судот обезбеди соодветни услови за целосно почитување на начелото на јавност на судењата како едно од основните меѓународни стандарди за правично судење.За споредба, во кривичните постапки пред основните судови во Србија во 2020 година за времетраењето на вонредната состојба од 15 март до 6 мај во 95% од случаите преку апликацијата Скајп биле одржани преку 100 судења поради непочитување на мерките за изолација, односно поради сторено кривичното дело „Непостапување по здравствени прописи за време на епидемија" кога во притвор се наоѓале 108 обвинети.Уште три онлајн судење биле одржани поради кривичното дело „Насилство во семејството." Спрема мислењето на германската Агенција за заштита на податоците, видеоконференциската комерцијална апликација Zoom (Microsoft Teams, BT MeetMe Skype for Business и др.) која беше популарна за време на пандемијата и која најде практична примена при одржување на онлајн рочиштето во Основниот суд Кавадарци не е компактибилна со Општата уредба на ЕУ за заштита на податоците. Од тие причини во некои земји веќе се користат посебни софтвери кои се посигурни и наменски дизајнирани за видеоконференција како Австрија каде истиот преставува дел од судскиот компјутерски систем.Додека во Соединетите американски држави се поголема е употребата на апликацијата CourtCall, во Англија и Велс за потребите наголемите судења со порота започнат е пилот проект преку платформата AVMI (Telegraf, 2021).

Но, првото онлајн судење во Основниот суд во Кавадарци иако се повикуваше на членот 6 од Конвенцијата како и на членот 5 од Законот за кривична постапка целата постапка се водеше пред воопшто за тоа да има законски услови со што сериозно се доведе во прашање правната сигурност и фактот дека практиката се става над законите. На сличен начин онлајн судењата пред основните судови во Р. Србија се спроведуваа експресно до тојстепеншто поединечни случаи завршуваа со пресуда истиот ден кога беше поднесен обвинителен предлог. Одлуките се донесуваа без образложение на правниот основ и причините за сослушување на обвинетиот без негово физичко присуство.Во повеќето предмети судиите скоро и да не се впуштаа во испитување на тоа дали се почитува правото на обвинетите на доверлив разговор со својот бранител, не им беше оставено време за спремање на одбраната, а само во незначител дел од случаите обвинетите беа прашани за мислење околу сослушувањето преку платформата Скајп. Во однос на идентитетот на обвинетите во генералиите само наведуваа личните податоци, но не и како судијата тие податоци ги утврдил.Дел од нив се сослушани и пред донесување на Уредбата на Владата на Р. Србија. За поголемиот број на обвинети за непочитување на мерките за самоизолација тоа беше нивниот прв контакт со кривичен суд, бидејќи претходно никогаш не биле осудувани, а мерката притвор им беше продолжувана поради опасноста да го повторат кривичното дело под претпоставка дека се заразени со корона вирус. Битно е да се потенцира дека значителен број од овие предмети завршуваа со укинувачка одлука, па со ослободителна пресуда или така што повисоките судови изрекуваа поблаги казни.

**ЛИТЕРАТУРА**

В.Ц.С. (2021 Октобар 11). *Ретка суђења на даљину:Истраживање показало да су техничке могућности судова коришће не само у ванредном стању,* retrieved from:https://www.novosti.rs/c/drustvo/vesti/1044014/onlajn-sudjenja-sudjenja-pravosudje-sudovi

Brkić, A., & Smajo, Š. (2023). Suđenje na daljinu kao pretpostavka vođenja parničnog postupka, *Anali Pravnog fakulteta Univerziteta u Zenici,( god. 16, br. 33, str. 361-375),* Zenica, 362

Гоџо, А. (2024).Дигитализација на правосудството и заштита на личните податоци, Скопје,21

Калајџиев, Г., Лажетиќ, Г., Неделкова, Л., Денковска, М., Тромбева, М., Витларов, Т.,... & Кадиев, Д. (2018). Коментар на законот за кривичната постапка, Скопје, 812

Калач, Ј. (2021, Март 17). *Онлајн судења, неопходност или јалова идеја,* retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/pravda/2021-03-17-13-29-38/

Крстић, И., Тешовић, О., Миловановић, И., & Дакић, Д. (2021). Суђења на даљину правни оквир и пракса, Београд, 16-17

Марјановић, С., & Марчетић, Д. (2021). Суђење на даљину у грађанској материји, *Билтен Вишег суда у Београду бр.29,* Београд, 225

Митровски, Ј. (2020, Ноември 16). *Судовите немаат услови за работа во живо, а камоли онлајн,* retrieved from: https://www.radiomof.mk/stav-sudovite-nemaat-uslovi-za-rabota-vo-zhivo-a-kamoli-onlajn/

Нова Македонија. (2024 Октомври 27). *Државата троши нешто повеќе од 1.500 денари по глава на жител за правосудството од нив 33 се за дигитализација,* retrieved from:https://novamakedonija.com.mk/makedonija/drzhavata-troshi-neshto-povekje-od-1-500-denari-po-glava-na-zhitel-za-pravosudstvoto-od-niv-33-se-za-digitalizacija/

ОБСЕ. (2020). Употреба на напредни електронски алатки во судството, Скопје,46-54

Петровска, Н., & Хаџи-Зафиров, Ж. (2021). Правни импликации врз судските постапки во вонредна состојба,Скопје,12-13

Telegraf. (2021 Септембар 21). *U Srbiji održano više od 100 onlajn suđenja: "Ona treba da budu izuzetak, a ne pravilo"* retrieved from: https://www.telegraf.rs/amp/vesti/srbija/3393092-u-srbiji-odrzano-vise-od-100-onlajn-sudjenja